*Личности*
за сите времиња

**ЛИЧНОСТ ЗА СИТЕ ВРЕМИЊА**
м-р Дехран Хајдар

**Јазична редакција:**
Мелита Томовска

**За издавачот:**
Михајло Гурев

**Издава:**
АИК „Знаци на времето“ – Скопје

**Дизајн:**
Лазар Томовски

**Печати**
„Euro Dream“, Нова Пазова

Тираж:
2000

# Личности
## за сите времиња



*Дехран Хајдар*

# Содржина

**Н**ајважната личност во историјата ........ 7

**И**сусовата мисија на земјата ........ 18

**Х**ристовиот живот во слики и збор ........ 27

**„П**регледајте ги писмата, зошто тие сведочат за мене“ ........ 39
Исус во книгите на Стариот завет ........ 41
Исус во книгите на Новиот завет ........ 47

**И**сус учител за сите времиња ........ 50

**И**сус лекар за сите времиња ........ 54

**И**сус чудотворец за сите времиња ........ 58

**С**тарозаветните пророштва за Исус и нивното исполнување во Новиот завет ........ 60

**Н**ајпознатото Старозаветно пророштво за страдањето на Месија ........ 63

**С**едумте изјави на Исус од крстот ........ 65

**Ш**то рекле познатите луѓе за Исус ........ 69

**Ш**то ќе направиш со Исуса? ........ 71

**П**ет категории на луѓе опишани во Матеј 27 глава ........ 73

**З**авршен збор – Најголемото чудо за сите времиња ........ 74

# *Најважната личност*
## *во историјата*

Дали некогаш во вашиот живот сте размислувале за следново прашање: Кога би имале можност да изберете само една личност од историјата на човештвото која, според вашите критериуми, била најпозната, највлијателна, најхумана и најпривлечна, и која за човештвото направила повеќе од која било друга личност, за кого би се одлучиле и зошто? Не знам на која личност прво помисливте. Можеби досега и не сте размислувале за ова прашање и можеби немате конкретен одговор. Можеби, пак, ова прашање ве става во дилема да бирате меѓу неколку личности за кои сметате дека го заслужуваат тоа место. Можеби во својата дилема размислувате кои аргументи би ги навеле во прилог на личноста за којашто сметате дека единствено го заслужува тоа право.

Во продолжение, би сакал да ги споделам со вас моите размислувања, аргументи и импресии за личноста за која лично сметам дека го има тоа ексклузивно право да се нарече – Личност на сите времиња. Според мене *таа личност е Исус Христос!*

Зошто сметам дека Исус Христос е најпознатата, истовремено најмаркантната, највлијателната, најпривлечната и, со право можам да кажам, централната личност во историјата на човештвото? Пред сè, поради она што го направил, мотивите што го придвижиле да го направи тоа што го направил, пораките што ги делел со луѓето, животот што го живеел доследно на она што го учел и проповедал, како и животот што го дал за човечкиот род, недвосмислено го воздигнуваат на највисокиот пиедестал!

Целта на ова размислување е, врз основа на Светото писмо, авторитативна Божја реч, да ги образложи и потврди горенаведените изјави. Во тој правец, во првиот дел ќе споменеме и образложиме најмалку пет причини зошто сметам дека Исус е најважната личност во историјата? Имајќи го предвид фактот дека тајната на Христовата вредност за нас луѓето се покажала во мисијата што Исус ја извршил при своето прво доаѓање, во вториот дел ќе споменеме и образложиме најмалку десет

причини врзани со неговото прво доаѓање на земјата, кои од своја страна ќе ни го докомплетираат одговорот на прашањето: Зошто сметам дека Исус е личност за сите времиња!

## 1. НИКОГАШ ЧОВЕК НЕ ЗБОРУВАЛ КАКО ОВОЈ ЧОВЕК

*„Дојдоа пак слугите кај поглаварите свештенички и фарисеите, а тие ги запрашаа: Зошто не го доведовте? А слугите одговорија: Никогаш човек не зборувал како овој човек“* (Евангелие според Јован 7,46.47).

Историјата бележи мноштво силни говорници кои со своите ораторски способности привлекувале маси луѓе и оставиле значителна трага во историјата. Почнувајќи од старогрчките оратори, како што бил Демостен, преку борецот за човекови права, Мартин Лутер Кинг, па сè до денешните мотивирачки говорници, по примерот на Тони Робинс, кој на ова подрачје служи како советник на мноштво лидери низ целиот свет, човештвото никогаш не било во недостаток за големи говорници. Меѓутоа, кога ќе се споредат споменатите, како и ред други неспоменати говорници, со ораторските способности што ги поседувал Исус, како и влијанието на пораките што Тој го оставил во човештвото кои до денешен ден се актуелни, како и по бројот на ученици што го следеле и го следат, тогаш можеме слободно да констатираме дека Исус е далеку неспоредлив!

Читајќи ги евангелијата, ќе забележиме дека една од највпечатливите карактеристики врзани за Христовата служба на земјата е неговиот магнетизам. Исус неверојатно силно ги привлекувал луѓето. Го следело огромно мноштво. Тоа ни го потврдуваат следниве библиски текстови:

„И одеше Исус по цела Галилеја поучувајќи по синагогите, проповедајќи го Евангелието на Царството и лекувајќи секаква болест и немоќ кај народот. Па се разнесе глас за Него по цела Сирија и ги доведуваа кај Него сите болни, нападнати од различни болести и страдања, опседнати од демони, месечари, фатени, а Тој ги оздравуваше. **И по Него одеше многу народ** од Галилеја, Десеттоградието, Ерусалим и Јудеја, отаде Јордан“ (Евангелие според Матеј 4,23-25).

*„...И **многу народ** го слушаше со задоволство“* (Евангелие според Марко 12,37).

*„А наутро многу рано, стана, излезе, и отиде насамо и тука се молеше на Бога. А по него потрча Симон и оние што беа со него. Кога го најдоа му рекоа:* ***сите те бараат!***“ (Евангелие според Марко 1,35-37).

Имајќи го предвид фактот дека Исус не учел кај познатите учители и оратори во тоа време – *„а Евреите му се восхитуваа, говорејќи: како овој ги познава книгите а не се учел?*“ (Евангелие според Јован 7,15), се поставува прашањето каде лежела тајната на Христовите ораторски способности? Библијата ни дава одговор на ова прашање:

**а. Исус зборувал со длабока љубов кон луѓето!**

– Овде лежи суштината на работите. Исус своите активности не ги правел од материјален интерес. Љубовта кон паднатиот човечки род била мотивирачка сила во секој аспект на Неговата служба, па и во подрачјето на говорот. Таа љубов можела да се забележи и во неговиот глас.

**б. Исус живеел онака како што зборувал!**

– Денеска светот можеби може да се пофали со силни оратори, но дали денеска светот може да се гордее со луѓе кои живеат автентичен живот – живот собразен со она што го зборуваат. По ова прашање Исус бил на самиот врв. Неговите говори не биле во расчекор со неговиот живот. Тој живеел онака како што зборувал!

**в. Исус не се двоумел да го каже тоа што го мислел и секогаш бил фокусиран на суштинското, на најважното.**

Исус секогаш нишанел во центарот. Мисијата што ја имал пред себе – да го спаси човечкиот род, му била толку важна, што не дозволувал други периферни работи да му го одземат неговото драгоцено време. Токму тоа преовладува во неговите говори.

**г. Исус бил оригинален, зборувал едноставно и работите ги поврзувал со секојдневието.**

– Исус никогаш не ги копирал мислењата на другите. Размислувал на свој начин. Големите и важни нешта знаел да ги изнесе на едноставен начин. Својата порака знаел мудро и интелигентно да ја поврзе со актуелните секојдневни настани.

Имајќи ги предвид овие аргументи, можеме подобро да го разбереме фактот зошто Исус е најважната личност во историјата – Затоа што

никогаш никој не зборувал како што зборувал Тој. Дотолку повеќе што оваа изјава не ја кажале Христовите пријатели, туку неговите непријатели! Тоа ѝ дава посебна тежина на оваа изјава.

## 2. НИКОГАШ НИКОЈ НЕ ЖИВЕЕЛ КАКО ШТО ЖИВЕЕЛ ИСУС

*„Тој не направи грев, ниту, пак, во устата Негова се најде измама“* (1. Петрово послание 2,22). Потрудете се само да го замислете овој квалитет што Исус го поседува. Познавате ли уште некој со вакви квалитети? Светото писмо кажува, а човечкото искуство тоа ни го потврдува, дека сите луѓе грешеле и грешат, и дека нема ниту еден безгрешен, без сторен грев. Дури и Адам, првиот човек кој излегол совршен од рацете на Создателот, и тој згрешил! Меѓутоа, за Исус пишува дека не згрешил! Огромна разлика меѓу Него и сите нас останати! По ова прашање, ниту еден човек не може да се спореди со него. Исус е уникатен, оригинален. Оваа негова особина само ни покажува за каква силна и морална личност станува збор. Во една прилика, Исус им поставува прашање на присутните: *„Кој од вас ме кори за грев?“* (Јован 8,46). Сите присутни молчеле! Зошто? Затоа што Исус никогаш не згрешил! Со право можеме да кажеме дека Исус е најчесната личност што некогаш живеела на планетата Земја.

Многу силна поткрепа за оваа уникатна Исусова карактерна особина наоѓаме и во Исламот. Во една своја изјава, запишана во Хадизите или собраните зборови на исламскиот пророк Мухамед, кои по Куранот важат за втор авторитет во Исламот, со цел да се истакне влијанието на ѓаволот врз грешноста на човечкиот род, исламскиот пророк Мухамед изјавува:

*„Секое бебе во моментот кога се раѓа на овој свет, допрено е од страна на Шејтанот со неговите два прста, освен Хазрети Иса (Исус) синот на Мејрема, него Шејтанот не успеал да го допре!“*

Тежината на оваа изјава произлегува од тоа што е изговорена од страна на Мухамед, основачот на исламското движење, последниот и најважниот пророк за Муслиманите, личност којашто по Алах е најпочитувана во Исламот. Оваа изјава на исламскиот пророк имплицира неколку констатации:

1. Исус бил **недопирлив** за ѓаволот. Покрај сите свои навали и безброј различни обиди да го наведе на грев, ѓаволот никогаш не успеал да го порази Исуса. Тој не успеал во ниту еден момент да ја наметне својата агенда и своето влијание во животот на Исус само затоа што Исус бил буден, внимателен, длабоко посветен на својата мисија. Исус успевал оддалеку да ги препознае сите обиди на ѓаволот да го порази. Исус во таа борба победил! Исус бил недопирлив!
2. Втората констатација произлегува од првата. Ако Исус за ѓаволот бил недопирлив и ако Исус уште од своето раѓање не дозволил ѓаволските планови да бидат спроведени преку него, тоа значи дека Исус бил радикално поразличен од сите нас! Зошто? Затоа што секој од нас, во некој момент во својот живот, а за волја на вистината често пати и во нашиот живот, сме биле допрени од страна на ѓаволот и, како резултат на таа наша слабост, често пати сме поткленувале и паѓале под негово влијание. За разлика од сите нас, Исус никогаш немал таков проблем. Исус никогаш не паднал на овој тест! Исус никогаш по ова прашање не покажал знаци на слабост. Затоа, по ова прашање, сите ние како луѓе сме на една страна, додека Исус сам стои на друга страна. Легитимна констатација што произлегува од ова е дека Исус не само што е недопирлив за ѓаволот, туку истовремено е и **неспоредлив** со кој било претставник на човечкиот род!
3. За разлика од сите други човечки суштества, Исус никогаш не направил грев! Според тоа Исус е и **безгрешен!** Сите луѓе се грешни, сите сториле грев, тоа е многу јасно учење и на Светото писмо и на Куранот, меѓутоа, и во Светото писмо и во Куранот, наоѓаме извештај дека Исус не згрешил!

Оваа многу значајна изјава на исламскиот пророк Мухамед, силно е поддржана и од Куранот како прв авторитет во Исламот. Во намера да го потенцира овој квалитет на Исусовата личност, живот без направен грев, во Куранот наоѓаме најмалку три аргументи:

**Првиот аргумент** е поврзан со употреба на зборот **чист**. Кога Куранот зборува за овој квалитет на Исусовата личност, за да го опише неговиот живот без грев, тој го употребува зборот чист. Исламската интерпретативна традиција е многу јасна во своето толкување дека овој збор се однесува на Исусовиот безгрешен живот! Исус е чист затоа што не направил ниту еден грев!

**Вториот аргумент** ни зборува за тоа дека во сите 6.260 ајети или стихови распоредени во 114 сури или глави од кои е составен Куранот, уште попрецизно кажано, во сите 93 стихови распоредени во 15 глави каде што директно или индиректно се третира ликот и делото на Исуса во Куранот, ниту на едно место не наоѓаме извештај за Исусовата грешност! Немате ниту еден единствен стих во посочените 93 стиха дека Исус сторил некој грев!

**Третиот аргумент** произлегува од вториот. Не само што немаме запис за Исусовата грешност во Куранот туку во сите тие 93 стихови наменети за Исуса во Куранот, не наоѓаме ни запис за тоа дека Исус се моли на Алах да му ги прости гревовите! Од друга страна, наоѓаме извештај за најпознатите пратеници или пејгамбери, односно пророци во Куранот, кои или јавно го признале својот грев и својата грешност, или јавно бараЛе од Алах простување за своите гревови.

- За **Адам и Ева** во Куранот пишува: *„Господару наш, сами сме виновни и ако ти не ни простиш и не ни се смилуваш, сигурно ќе бидеме изгубени!“* (Куран 7,23)

- За **Ное** е кажано: *„Господару мој, се засолнив во тебе, така што никогаш повеќе нема да те прашам за она што не го знам! Ако не ми простиш и не ми бидеш милостив, ќе бидам изгубен.“* (Куран 11,47)

- За **Аврам** стои напишано: *„Господару наш, прости ми и на мене и на моите родители, и на сите верници – на Денот кога ќе полагаме сметка пред Тебе!“* (Куран 14,41)

- За **Мојсеј** го наоѓаме следниот запис: *„...И Муса го удри со тупаница и го уби. ’Ова е работа на шејтанот’ – извикаа тие – ’Тој е навистина отворен непријател, кој сè доведува во заблуда!’ ’Господару мој’, рече тој тогаш, ’јас сам на себе зло направив, те молам прости ми!’ И тој му прости. Тој навистина простува и Тој е милостив“* (Куран 28,15.16).

- За **Давид** го добиваме овој извештај од Куранот: *...Давид беше убеден дека ние токму него на искушение го ставивме, па тој го замоли својот Господар за опростување, падна на лицето и се покаја“* (Куран 38,24).

- За **Мухамед**, Куранот на неколку места јасно кажува: *„Затоа ти биди стрплив – Алаховото ветување е вистинито – и моли се за твоите*

*гревови да ти бидат простени*“ (Куран 40,55). „*И рече Господару мој прости ми и смилувај се на мене, ти си најмилостивиот*“ (Куран 23,118). „*Ние ќе ти дадеме сигурна победа за Алах да ти ги прости и претходните и следните гревови и благодатта Своја на тебе во потполност да ја исполни, за да те упати на Вистинскиот пат*“ (Куран 48,2).

Како што може да се види од овие извештаи, најистакнатите личности на Куранот јасно проговориле за својата грешност, а во исто време барале и простување на своите гревови од Аллах. Таков еден податок за Исуса не наоѓаме ниту во Светото писмо ниту во Куранот. Исус по ова прашање е уникат!

## 3. НИКОГАШ НИКОЈ ТОЛКУ НЕ СЕ ЖРТВУВАЛ, КАКО ШТО СЕ ЖРТВУВАЛ ИСУС

Нема ништо повредно од животот. Тоа е нешто највредно. И највредното – животот, Исус го дал за тебе и мене. Гревот, за кој сме самите виновни што сме го направиле, како и страшните последици што произлегле од него, за кои однапред сме биле предупредени дека ќе се појават, нè ставиле во многу незавидна положба. Човековиот избор го ставило човештвото во еден „духовен ќорсокак“, односно лавиринт од кој сами не можеме да излеземе. Плата за гревот е смртта. Цената на гревот била смрт на човекот. Човекот требало да умре! Но, Исусовата љубов кон човекот тоа не можела да го дозволи. Исус доброволно се понудил да го заземе твоето и моето место. Еве како Светото писмо го опишува тоа:

„*Бидејќи уште кога бевме немоќни, Христос во определено време умре за безбожниците. За праведник одвај ли некој да умре; за добар можеби, некој и да се реши да умре. Но, Бог ја докажа љубовта Своја кон нас со тоа што Исус умре за нас, уште додека бевме грешни*“ *(Римјаните 5,8).*

Само замислете, Исус го напуштил небото и дошол на оваа земја! Во оваа многу силна и содржајна причина, присутни се неколку работи што треба да се потенцираат:

***а. Исус го напуштил небото*** – подобар и поквалитетен свет за живеење, и дошол на земјата – во тотално спротивни, т.е. полоши услови за живеење! Оваа негова одлука е во спротивност со сите наши замисли за успешен живот. Сите ние тежнееме, се стремиме и се бориме

да излеземе од некоја полоша реалност и вложуваме силна енергија и труд да дојдеме до некоја многу подобра реалност, која ќе ни гарантира посигурна и постабилна иднина. Тоа е нашата девиза за успех. Исус постапил сосема спротивно. Зошто?!

***б. Исус ги жртвувал честа, славата и обожавањето***. Не само што оставил поквалитетен свет на живеење и дошол во полоши услови за живеење, туку во исто време, го оставил престолот, честа, славата и обожавањето од страна на небесните суштества, се понизил и зел лик на слуга (Филипјаните 2,6.7). Сите ние, како луѓе, ако бидеме само за момент искрени спрема самите себе, ги посакуваме сите претходно наведени особини. Позиција, чест, слава и обожавање од страна на луѓето, прикриено или отворено, се врежани во нашите замисли. Исус, заради тебе и мене, доброволно се откажал од овие работи! Само замислете го тоа, дошол на оваа земја свесен дека ќе биде понижен, малтретиран, прогонет и распнат. Можеме ли тоа да го разбереме! Зошто го направил тоа?

***в. Исус се спуштил во свесен ризик*** – напуштајќи го небото и доаѓајќи на земјата, Исус се впуштил во свесен ризик да биде заразен со вирусот наречен грев! Од моментот на неговото раѓање, па сѐ до неговиот последен здив, ѓаволот се трудел на безброј начини, со скоро неодоливи искушенија да го наведе да згреши и на тој начин да го зароби и него под своја власт, како што направил со секое друго човечко суштество. Но, не успеал. Исус не потклекнал, Исус победил! Но, зошто Исус свесно се изложил на ризик? Одговорот на сите овие „Зошто“, е единствен – Исус те сака! Исус те носи во своето срце и само Тој може да ја исполни празнината во твоето срце. Тој е личноста што неодоливо плени и постојано фасцинира. Невозможно е кога сте во негово присуство, пред сѐ кога читате за него, кога размислувате или пеете за него, во исто време да не почувствувате некоја неискажана топлина и неверојатна привлечност што го облагородува човековиот карактер.

## 4. НИКОГАШ НИКОЈ НЕ ОСТАВИЛ ТОЛКУ ГОЛЕМА ТРАГА ВО ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ СВЕТ КАКО ИСУС

Еден непознат автор во една пригода кажал: „Сократ учел 40 години, Платон 50 години, Аристотел 40 години, а Исус Христос само 3,5 години. Кога сите овие филозофи и ред други неспоменати, според

влијанието што го оставиле, ќе се споредат со личноста на Исуса Христа, ќе забележиме дека во сите работи Исус неограничено ги надминал. Ги надминал според науката што ја проповедал, ги надминал според начинот на изнесување, ги надминал според влијанието што го оставил, а ги надминал и според бројот на ученици што го следеле.

Исус не насликал ниту една позната слика, меѓутоа, најдобрите сликари во светот Микеланџело, Леонардо да Винчи и останатите, својата инспирација ја нашле во него! Тој не компонирал ниту една песна, но сепак најпознатите композитори во светот, Моцарт, Бах, Бетовен и други, биле вдахнати од негова личност. Исус не напишал ниту една книга, ама најпознатите книжевници од светски глас, како што се Толстој, Достоевски и други, биле мотивирани од него за да ги остварат своите најдобри достигнувања во полето на книжевноста. Погледнете ги само делата на овие великани во областа на ликовната уметност, музичкото творештво и литературната дејност и ќе се уверите во оваа изјава!

Дозволете ми, во продолжение, со вас да споделам неколку важни изјави на познати интелектуалци врзани за личноста на Исуса. Еден од најпознатите великани на германската книжевност, **Јохан Волфганг Гете**, кој важи за голем писател и драматург со светски глас, за Исуса рекол: „*Ако божеството некогаш се покажало на Земјата, тоа е во личноста на Исуса Христа. Тој е Бог и најголемиот Светец што го познавам!*“

Добитникот на Нобеловата награда, **Александар Солжењицин**, признаен во светот поради своите големи достигнувања во областа на литературата, отворено зборувал за својата вера во Исуса Христа! Тој во една прилика рекол: „*Исус за мене е голема инспирација!*“

Славниот руски писател, **Лав Толстој**, кој поголемиот дел од својот живот го поминал како атеист, пред крајот на животот изјавил: „*Триесет и пет години од мојот живот го прифаќав светот како нихилист – човек кој во ништо не верува. Пред пет години во мене дојре верата. Поверував во доктрината за Исус и целиот мој живот доживеа извонредна промена. Почувствував такво задоволство и среќа што ни смртта не може тоа да ми го одземе.*“

**Вилијам Шекспир**, веројатно најголемиот литературен гениј на сите времиња, пред својата смрт ги кажал следниве зборови: „*Ја предавам*

*мојата душа во рацете на Бога, мојот Создател, потполно верувајќи во Исуса Христа како Спасител!*“

**Карл Барт**, еден од најголемите интелектуалци од минатиот век, познат како голем швајцарски мислител, на прашањето која му е најдлабоката мисла што некогаш ја изрекол, одговорил: *„Исус ме сака, тоа го знам.*“

**Алберт Ајштајн**, еден од најголемите умови и најзначајната личност во историјата на светот, познат во физиката по теоријата на релативитет и добитник на Нобеловата награда, за Исуса кажал: *„Како дете примив обука од Библијата и Талмудот. Јас сум Евреин, меѓутоа, восхитен сум од убавината на карактерот на човекот од Назарет. Никој не може да ги чита Евангелијата без чувство дека Исус е вистински присутен. Неговата личност извира од секој збор. Ниеден мит не е исполнет со таков живот.*“

Познатиот писател, **Лорд Бајрон,** кажал: *„Ако некогаш човекот бил Бог или Бог да биде човек, тогаш Исус бил и Бог и човек.*“

Извонредниот француски математички гениј од 16 век, кој со право е наречен чудо од дете, **Блез Паскал**, ја кажал следнава изјава: *„Во срцето на секоја личност постои вакуум обликуван со Божјата рака. Тој вакуум никогаш не може да се исполни со никакви работи создадени од човечка рака. Тој вакуум може да го исполни само Бог, кого човек може да го запознае само преку личноста на Исуса Христа!*“

## 5. ТОЈ Е ГОСПОДАР НА ВРЕМЕТО

Тој е личноста што го подели времето на пред нашата и по нашата ера! Дали некогаш сте се запрашале зошто? Зошто токму Тој, а не некој друг? Зошто токму Неговото раѓање на земјата направило пресек на настаните што се случиле до тој момент и она што понатаму ќе се случи? Одговорот на ова прашање оди во две насоки:

**а**. Најнапред, Тој е Господарот на времето, во смисла што тој го создал времето! Во Евангелието според Јован 1,3 пишува: *„Се е создадено преку Него и без Него ништо не е создадено, што е создадено.*“ Овој текст од Библијата, како и неколку други во Новиот Завет (Колошаните 1,16.17, Евреите 1,2 и др.) го претставува Исуса како Создател. Поимот ***сè***, во

овој текст, во поширока смисла, го подразбира и создавањето на времето. Овој извештај во Евангелието според Јован е всушност алузија на извештајот што го наоѓаме запишан во Битие или 1. Мојсеева – првата книга во Библијата. Таму го имаме извештајот за создавањето на времето во вид на прв ден, втор ден, трет ден итн. Имајќи го тоа предвид, можеме слободно да констатираме дека Исус е Господар на времето.

**б**. Со тоа што почетокот на нашата ера е врзана за неговото раѓање, Бог сакал кај луѓето да развие свест за важноста на Неговото прво доаѓање. Почетоците на нештата се многу важни. И главно, почетоците на нештата се врзани за важни настани. Почетокот на нашата ера е суштински врзан за Првото Христово доаѓање и во таа смисла тој е многу важен настан.

Овие 5 причини треба да нè поттикнат на размислување: Зошто Исус е најважната личност во историјата на човештвото. Во продолжение ќе спомeнеме 10 причини поврзани со прашањето: Зошто Исус дошол на оваа планета Земја? Зошто била важна неговата мисија за нас луѓето?

# *Исусовата мисија*
## *на земјата*

### 1. ИСУС ДОШОЛ ЗА ДА СВЕДОЧИ ЗА ВИСТИНАТА

*„...Исус одговори и рече, јас сум за тоа дојден на светот да сведочам за вистината, и секој кој е од вистината, ги слуша моите зборови“ – Јован 18,37*

*„Ќе ја запознаете вистината и вистината ќе ве ослободи“* – Јован 8,32.

Вистината за нештата е длабоко всадена во нашата личност. Впрочем, Бог уште при создавањето на човекот ја вградил оваа особина во нашата морална структура како составен дел од нашата личност. Без оваа есенцијална состојка, како човечки суштества, ние би биле дезориентирани и уништени. Всушност, намерата на ѓаволот е, промовирајќи го гревот во неговите „најпривлечни бои“, да создаде хаос во нашата личност. Меѓу другото, промовирајќи ја лагата како алтернатива на вистината, тој сака „да ја минира и дигне во воздух“ нашата морална структура. Христовата мисија на Земјата, меѓу другото била да ја разбуди свеста кај нас за таа природна склоност што ја всадил уште во почетокот, а тоа е да ја бараме вистината, да тежнееме кон неа, да се бориме за неа, да живееме за неа, па дури и да умреме за неа!

### 2. ИСУС ДОШОЛ НА ЗЕМЈАТА ДА НИ ПОКАЖЕ КАКОВ Е БОГ

*„Бог којшто некогаш многу пати и на различни начини ни зборуваше татковците преку пророците, ни зборува и нам во последните денови преку синот“ – Евреите 1,1.*

*Му рече Филип: ‘Господе, покажи ни го таткото, и доста ни е.’ Исус му рече, ‘Толку време сум со вас Филипе и не си ме познал? Кој ме гледа мене, го гледа и Отецот, па како зборуваш: покажи ни го таткото’“ – Јован 14,7.*

Од појавата на првиот грев, од почетокот на овој свет до сега, ѓаволот ја изопачил сликата за Бога кај луѓето. Луѓето развиле сосема поинаква, нереална и многу погрешна слика за Бога. Во текот на историјата, Бог се прикажувал во најцрни можни бои, суров, немилосрден и господар со големи барања, кој седи на својот трон и гледа како луѓето се мачат и патат. За секоја своја подмолна и негативна активност, како и за секоја непријатност што му се случува на човекот, ѓаволот ги наведува луѓето причината да ја бараат кај Бога. Меѓутоа, Исус со својот живот на земјата, со својата мисија, сакал да ја промени таа слика кај луѓето. Неговите постапки, зборови и дела ни пружаат една сосема друга слика за тоа каков е Бог. Исус ни го претставил Бога како милостив, жалостив, спор на гнев и обилен со милосрдие. Пред сѐ добар и сочувствителен татко, кој се грижи за своите деца. Исус, во описот на Бога, намерно се служи со името Татко, не со цел да ни одржи час по теологија, туку да ни даде до знаење дека нашиот однос со него треба да биде близок, тесно поврзан, близок, полн со емоции. Ова име во себе содржи чувство на сигурност.

## 3. ЗА ДА ГО ПОБЕДИ ЃАВОЛОТ И ДА ЈА ОЗНАЧИ НЕГОВАТА СМРТ

„*Бидејќи пак децата имаат тело и крв, така и тој зеде дел во тоа, да со својата смрт го уништи оној кој има власт над смртта а тоа е ѓаволот. И да ги избави оние кој од стравот на смртта во целиот свој живот беа робови.*“ -Евреите 2,14.15.

Во овие текстови доаѓа до израз големата борба меѓу доброто и злото. Исус, како претставник на доброто, зема човечко тело и со својата смрт на Голгота го победува ѓаволот, како претставник на злото, и на тој начин им дава прилика на луѓето да излезат од канџите на смртта со коишто ѓаволот ги заробил. Всушност, во овие текстови имаме опис на решението на нашиот суштински проблем. Смртта, како финална последица на гревот, е реалност пред која сите ние како луѓе сме немоќни. Како што ќе каже францускиот филозоф Блез Паскал: „*Пред смртта секој молчи!*“ Во многу области во животот, како луѓе сме постигнале значителни резултати. Горди сме како луѓе со многу достигнувања во полето на науката и техниката. Меѓутоа, кога е во прашање смртта, ние сме немоќни. Сите наши напори во таа насока се јалови и залудни. Ние

тука сами не можеме ништо да направиме. По ова прашање во целост доаѓа до израз нашата немоќ. Затоа ние, додека сме млади, не сакаме да размислуваме за неа. Во суштина, ние не сакаме да се соочиме со неа, туку бегаме од неа. Не сакаме смртта да биде ни споредна точка во нашата агенда. Таа е наш непријател.

Меѓутоа, токму тука по ова прашање, доаѓа до израз значењето и улогата на Исусовата мисија на земјата. Со своето воскресение Исус ја победил смртта, и затоа со право тој може да каже: *„Јас сум воскресение и живот"* (Евангелие според Јован 11,25). Исус никогаш не одржал проповед на погреб! Зошто? Затоа што во евангелијата наоѓаме извештај дека Исус воскреснувал и покојни. Во евангелијата наоѓаме Три извештаи во оваа насока – воскреснал мртви: воскресението на Јаировата ќерка – Марко 5,22-43; воскресението на момчето од Наин – Лука 7,11-17; и воскресението на Лазар – Јован 11 глава. Во книгата Откровение 1,17.18 за Исуса стои запишан следниот извештај: *„И кога го видов, паднав на нозете негови како мртов, и тој ја стави десницата своја на мене и ми рече: не бој се, јас сум првиот и последниот, и живиот, и бев мртов и еве сум повторно жив засекогаш, амин. И ги имам клучевите од гробот и од смртта."*

Замислете! Исус ги има клучевите од смртта! Каква прекрасна утеха за тебе и за мене.

## 4. ИСУС ДОШОЛ НА ОВОЈ СВЕТ ЗА ДА НИ ДОНЕСЕ РАДОСТ

*„А беа и пастири во оној крај, коишто чуваа ноќна стража кај своите стада. Ете ангелот Господов застана меѓу нив, и славата Господова ги осветли и тие многу беа уплашени. И рече ангелот: Не бојте се; зошто еве ви јавувам **голема радост** која ќе биде во целиот народ. Затоа што денес ви се роди спас, кој е Христос Господ, во градот Давидов"* (Лука 2,8-11).

Од првиот грев па сè до ден-денес, темнина и очај се надвиснува над човековиот род. Тагата станала кралица, а немилите и лоши настани наше секојдневие. Библискиот текст кој вели: *„Човекот роден од жена има краток век и полн е со немири" (Книгата за Јов 14,1),* секојдневно се обвистинува во нашиот живот. Вистинската радост е сè помалку присутна во нашиот живот. Насмевката и радосните моменти се сè

подефицитарни. За жал, како да исчезнуваат. Секојдневната суровост и безнадежност што постои ги преокупира мислите на луѓето. Меѓутоа, Исус дошол да го промени овој тренд. Неговото раѓање и неговиот живот на земјата требало да донесе радост во срцето на луѓето. И навистина така било. Кога ги читаме вдахновените извештаи од евангелијата, забележуваме како Исус во средбата со луѓето донесувал посебна радост во нивните животи. Исусовата присутност ги растерувала облаците на очајот и тагата. Простувајќи им ги гревовите на луѓето, исцелувајќи ги нивните болести, правејќи чуда со цел да ги олесни човечките секојдневни тешкотии и маки, Исус ги исполнувал срцата на луѓето со необична радост.

## 5. ИСУС ДОШОЛ НА ЗЕМЈАТА ЗА ДА НÈ ВОДИ НИЗ ОВОЈ НЕСИГУРЕН СВЕТ

*„Ова ви го кажувам, во мене ќе имате мир. Во светот ќе имате неволји; но немојте да се плашите, затоа што јас го надвладеав светот“ – Јован 16,33.*

*„Веселете се небеса и вие кои живеете во нив. Тешко на вас којшто живеете на земјата и морето, затоа што ѓаволот слезе при вас, многу разгневен, знаејќи дека има малку време“ (Откровение 12,12)*

*„Бидете трезни и пазете, затоа што вашиот противник ѓаволот, како лав рика и оди и бара кого да проголта“ (1. Петрово 5,8).*

Светот, за жал, е несигурно место за живеење. Меѓу нас и смртта, вели Светото писмо, постои само еден погрешен чекор. Кога би имале можност, вели Светото писмо, да ни се отворат духовните очи, да продреме во светот на натприродното, тогаш би имале прилика да видиме каква борба се води за нашиот живот. Во таква една реалност ќе можеме во потполност да ги разбереме вистинитоста на горенаведените изјави. Исус, кога бил на земјата, уште од своето раѓање чекорел низ овој несигурен свет – Матеј 2,12-14. Тој точно го знае секој детаљ од твојот живот, во кој може да западнеш во сериозна неволја, и затоа ни ги дал следниве ветувања:

*„Кога ќе поминеш преку вода, јас ќе бидам со тебе, или преку река, нема да те потопи; кога ќе поминеш преку оган, нема да те изгори и пламенот нема да те наштети“ – Исаија 43,2.*

*„Исус рече: еве јас сум со вас во сите денови до крајот на светот“ – Матеј 28,20.*

## 6. ДА НÈ СПАСИ ОД ГРЕВОТ И ОД НЕГОВАТА СИЛА

*„Синот човечки дојде да го најде и спаси изгубеното“ – Лука 19,10.*

Гревот, со својата сила што ја поседува, систематски сака да го уништи човечкиот род. Во својата книга „Времето и Знаците“, теологот Никола Тасевски дава една сеопфатна дефиниција за гревот, кога кажува:

*„Грев, грд и одвратен, најгрд и најодвратен збор, феномен со колосално и разорно дејство, извор на сите опишани и неопишани, познати и непознати зла, неволји, катастрофи и катаклизми, причина за најстрашните, грозоморни и за најцрните мракобесија низ кои поминувала и ќе помине нашата планета во последните денови, насилен експлозив и најотровен отров кој разорил милиони Нагасаки и Хирошима и отрул милијарда луѓе. Поради гревот човекот пиел, пие и ќе пие бигор и жолчка и поради него ќе исчезне и ќе замине во неврат, како што се случувало тоа со многубројните цивилизации кои ја газеле неговата почва.“*

Мисијата на Исуса Христа на земјата била да ја неутрализира силата на гревот во човечкото срце.

## 7. ДА ЈА ОБНОВИ ЧОВЕКОВАТА ВРЕДНОСТ

Во Евангелието според Марко 5,1-15 имаме извештај за Христовото исцелување на еден опседнат човек, човек што живеел по гробовите и кој бил страв и трепет на околните граѓани. Самата помисла за овој опседнат, кај неговите сограѓани раѓала голема паника и вознемиреност. Кога ќе почнеме да ја анализираме состојбата на овој опседнат човек, ќе можеме слободно да констатираме дека гревот може да го дегенерира човечкиот род и да ја девалвира човековата вредност. Погледнете само што прави денес наркоманијата од човекот! Погледнете како алкохолизмот ги зема своите жртви. Што да кажеме за моралната изопаченост што постои во денешниот свет што го деградира човекот и систематски

ја уништува неговата вредност! Еве го најрелевантниот извештај што Светото писмо ни го дава за тоа како гревот го понижува човекот денес:

*„Но ова знај го: во последните денови ќе настанат тешки времиња. Зашто луѓето ќе станат себељубиви, среброљубиви, самофалци, горделивци, хулители, непокорни кон родителите, неблагодарни, неправедни, безбожници, непомирливи, клеветници, невоздржливи, нескротливи, недоброљупци, предавници, пребрзи, надуени, повеќе сластољубиви отколку богољубиви“ (2. Тимотеј 3,1-4).*

Исус дошол да му помогне на човекот да не западне во една од споменатите стапици. Исус дошол да му ја врати на човекот неговата вистинска вредност. Еве што кажува еден библиски текст:

*„Ќе направам човекот да вреди повеќе од злато чисто, повеќе од златото офирско“ (Исаија 13,12).*

Опседнатиот човек што го спомнавме пред малку, по средбата со Исуса не останал ист! Доживеал драстична промена. СРЕДБАТА СО ИСУСА го променила. Исус го исцелил и му ја повратил неговата вредност. Текстот во Марко 5,15 кажува дека човекот од состојба на опседнатост се вратил во нормална состојба.

Во еден друг настан во Евангелието според Марко 3, 3, пишува што направил Исус пред да исцели еден друг човек, кој имал проблем со својата сува рака. Соочен со завидливите очи на религиозните водачи во негово време, кои барале можност да го осудат, Исус најнапред го повикал овој човек кој стоел на страна, на периферија, да дојде напред, и го поставил на средина, во центарот, пред сите. И тука, кога бил во центарот, Исус го исцелил. Со овој гест Исус не само што го исцелил и му дал здрава рака туку преку овој чин му пренел и една многу важна порака – човекот во однос на другите работи треба да биде во центарот! Тој треба да биде најважен. Исус уште еднаш покажал дека човекот е многу вреден!

## 8. ДА НИ ОСТАВИ ПРИМЕР ЗА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ!

- Денеска светот е во дефицит за луѓе кои со својот стил на живеење ќе бидат пример за достоинствен живот. Човечкиот род е заситен од

лидери и говорници кои само кажуваат што треба. Човекот има насушна потреба да види со свои очи како треба да се живее! Како зборовите да се преточуваат во дела, а делата во живот. Човештвото е во потрага по модели на живеење. Исус бил вистинскиот модел. Со право можел да каже – *учете од мене*. Тој можел од небото да дава инструкции како да се живее! Меѓутоа, тоа немало да остави толку силен впечаток кај луѓето, како што би оставил неговото лично присуство. Дошол на нашата земја, се родил под силен набој во најбедни околности и во атмосфера на лично прогонство. Првиот мирис што го почувствувал бил мирисот на шталско ѓубре! Исус бил во „нашите чевли", Исус бил во твојата и мојата кожа, го дишел нашиот загаден воздух, го носел нашето бреме, се соочил со нашите проблеми и се борел со нашите искушенија, а сепак живеел достоинствен живот. Живеел во Назарет, најозлогласеното место, место од кое, според извештајот на Светото писмо, не се очекувало да излезе ништо добро, а сепак од таму, од тоа место излегло најдоброто нешто! Кога требало да се демонстрира понизност, не чекал некој друг да го направи тоа; самиот зел еден сад и вода и, по примерот на слугите во тоа време, им ги измил нозете на сите ученици. Кога ноќта во Гетсиманија дошле по него и по учениците да ги апсат, Исус излегол пред сите нив и рекол: Еве ме мене, оставете ги нив! Записот за Христовиот живот во евангелијата е запис за еден уникатен достоинствен живот што го живеел најчесниот човек што некогаш живеел на планетата Земја.

## 9. ДА ЈА ОСНОВА СВОЈАТА ЦРКВА КАКО НЕГОВА АМБАСАДА НА ЗЕМЈАТА

*„...И на тој камен ќе ја изградам црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат" (Матеј 16,18).*

Една од целите на Христовата мисија била да основа своја црква, која би му овозможила на човекот прилика подобро да Го запознае. Постоењето на црквата како верски објект, треба да ги насочи мислите на луѓето дека постои жив Бог. Кога луѓето поминуваат покрај некоја болница знаат дека внатре има болни луѓе, кога поминуваат покрај затвор знаат дека внатре има затвореници, а додека поминуваат покрај Црква како верски објект треба да размислуваат дека постои жив Бог. Црквата треба да биде *жив споменик што ќе ги потсетува луѓето дека*

*постои жив Бог*. Меѓутоа, уште позначајно, Исус не дошол да ја воспостави Црквата само како верски објект на некоја локација, само да го насочи погледот на луѓето кон Бога, туку овде првенствено мислам на оригиналниот библиски поим за изразот црква. За зборот црква, употребен е соодветниот новозаветен збор *ЕКЛЕСИА*. Овој збор е составен од два збора: предлогот ЕК, што значи ***од*** и глаголот КАЛЕО, што значи **повикан.** Така, зборот еклесиа во суштина значи луѓе кои се ***повикани од***. Конкретно се мисли на луѓе кои се повикани од овој свет, откупени, обратени, посветени за да извршат посебна задача во овој свет. Најкомплетниот библиски стих што ни го објаснува ова се наоѓа во 1. Петрово 2,9: „*Вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, народ придобиен кој сте* ***повикани од*** *овој свет, за да ги објавите добродетелите на оној којшто ве повикал од темнина кон својата чудна светлина*". Исус дошол да *создаде* такви луѓе, луѓе кои, во средба со Него, ќе бидат целосно променети. Таа средба со Него ќе го осмисли нивниот живот. Она што ќе го искусат и доживеат со Исуса, тоа ќе ги мотивира да им го пренесат и на другите. Ете тука лежат причините зошто постои Црквата. Црквата се всушност – променети луѓе, луѓе кои ја искусиле Исусовата љубов и доброволно му стојат на располагање на Исуса преку нив да допре до секое човечко суштество.

## 10. ИСУС ДОШОЛ ДА НИ ПОНУДИ НЕШТО ПОДОБРО

Библијата е книга која ни дава визија за она што е подобро. Исус е личност која ни нуди нешто подобро. Како луѓе, ние сме создадени за нешто подобро. Бог во почетокот никогаш не планирал да живееме 70-80 години и да умреме. Бог не нè создал ниту да старееме, ниту да се разболуваме. Страдањата, неволјите и злото со кое секојдневно сме окружени, никогаш не биле дел од Божјата замисла за нас и нашиот живот. Бог имал сосема друг план за нас. Меѓутоа, во контекст на големата борба меѓу доброто и злото, ѓаволот, со помош на човечкиот фактор, го промовирал гревот како нешто неопходно и многу корисно за човекот и на тој начин успеал да го расипе првобитниот поредок што Бог го воспоставил. Денеска сме сведоци на сите ужасни последици што гревот ги донел на овој наш свет.

Меѓутоа, ЕВАНГЕЛИЕТО – радосната вест – е Божја замисла да го врати првобитниот поредок! Клучна улога во остварувањето на овој план е првото Христово доаѓање на земјата. Неговата служба и доброволна смрт, како плата за направениот човечки грев, се гаранција дека првобитната Божја замисла ќе се оствари. Моментот кога тоа целосно ќе се оствари е токму Второто Христово доаѓање. Тогаш ќе ја почувствуваме реалноста на следниве Христови ветувања:

*„Јас ги знам мислите што ги имам за вас мисли добри а не зли да добиете крај – како што посакувате“* – Книгата на пророк Еремија 29,11.

*„Дојдов на земјата да имаат живот и изобилие“* – Јован 10,10.

*„Видов ново небо и нова земја, каде што Правда живее. Бог ќе ја избрише секоја солза од очите нивни. Смрт нема да има веќе, ни плач, ни вика ни болести, зошто првото помина“* – Откровение 21,4.

*„Што око не виде, ни уво не чу, тоа Бог го подготвува за оние што го сакаат“* – 1. Коринќаните 2,9.

Ова се само дел од многубројните текстови што постојат на страниците на Светото писмо, а кои донекаде ни даваат визија за тоа каков квалитетен и содржаен живот Исус подготвува за секој човек што живее на оваа наша Земја.

# *Христовиот живот*
## *во слики и зборови*

## ВИТЛЕЕМ

МЕСТОТО НА ИСУСОВОТО РАЃАЊЕ

Витлеем е град кој се наоѓа на 60 км југоисточно од главниот град Тел Авив и на 10 км јужно од Ерусалим со 30.000 жители. Првпат во



Библијата се споменува во Битие, каде што стои дека Јаков ја закопал својата сакана жена, Рахела, – 35,15. Во Витлеем е роден Давид, – најголемиот еврејски цар, а според пророштвото од Давидовата лоза, таму треба да се роди и долгоочекуваниот Месија – Михеј 5,2. Новиот завет, на своите почетни страни, нѐ информира за раѓањето на Исус во Витлеем, како и за посетата на мудреците од Исток, кои во таа пригода му се поклонуваат и го даруваат со злато, темјан и смирна.

# НАЗАРЕТ

## МЕСТОТО НА ИСУСОВОТО ДЕТСТВО И МЛАДОСТ

Назарет е град што се наоѓа на северниот дел на Израел на 350 км. надморска височина. Оддалечен е 25 км од Галилејското езеро и околу



9 км западно од планината Тавор. Главниот сообраќаен пат помеѓу Египет и внатрешноста на Азија поминува низ Назарет и оди северно спрема Дамаск. Назарет е град со над 70000 жители. Во Новиот завет Назарет се споменува како место каде што Исус го поминал своето детство пред да почне со својата јавна служба. Денеска градот важи за еден од главните христијански свети места.

# РЕКАТА ЈОРДАН

## МЕСТОТО НА ИСУСОВОТО КРШТЕВАЊЕ

Јордан е река во западна Азија, која тече низ целата света земја, поминувајќи низ Израел, Палестина и Јордан. Долга е 252 км. Извира на северниот дел на Израел, близу планината Хермон, од една страна се влева во Галилејското езеро, а од друга страна излегува од него и продолжува за да се влее во Мртвото Море. Во Стариот завет реката Јордан се споменува 175 пати и околу 15 пати во Новиот завет. Во Стариот завет имаме малку информации за оваа река. Се споменува како река што Ја-



ков ја поминал за да стигне во Харан и како граница што дели две и пол племиња на Исток со девет племиња на Запад. Во библиската историја реката Јордан се споменува како место на неколку чуда. Пророкот Елисеј направил две чуда на реката Јордан. Првото чудо е поврзано со исцелувањето на лепрата од Неман, а второто чудо е поврзано со секирата. За христијаните ова место е посебно важно бидејќи на тоа место Јован Крстител го крстил Исуса Христа. Овој настан е важен затоа што од тој момент Исус почнал јавно да ја извршува својата месијанска служба.

## ПУСТИНАТА

МЕСТОТО НА ИСУСОВИТЕ ИСКУШЕНИЈА

По крштевањето во реката Јордан, според библискиот извештај во Матеј и Лука 4 глава, Исус во следните 40 дена се наоѓа на ова место во



пустината. На крајот на тие 40 дена што Исус ги поминува во пост и молитва, тој води посебна борба со ѓаволот. Новиот завет нѐ информира за три вида на искушенија што му ги сервирал ѓаволот со цел да го наведе на грев. Во сите три ситуации, Исус излегува како победник. Тајната на неговата победа лежи во неговата заедница со Бог Отецот. Цитирајќи ги местата во Светото писмо како знак на довербата што ја негувал кон Него, му дало сила да победи и да ни даде нам пример како и ние да победиме.

## КАНА ГАЛИЛЕЈСКА

### МЕСТОТО НА ПРВОТО ИСУСОВО ЧУДО



Библиската Кана Галилејска е место каде што денеска се наоѓа градот Кафр Кана со приближно 20.000 жители, околу 7-8 км северо-источно од Назарет. На ова место Исус го направил своето прво чудо – Јован 2,1-11. Исус, заедно со Марија и другите ученици, бил повикан на една свадбена свеченост. Во текот на таа свадбена свеченост се случило да снема вино. Марија го замолила својот Син да помогне и да интервенира. Исус, *иако неговиот час сѐ уште не дошол*, од љубов спрема домаќините, наредил празните ќупови да ги наполнат со вода, која тој ќе ја претвори во вино, и да ги однесат и послужат гостите. Ова е прво од многуте чуда што Исус ги направил во текот на својата јавна служба.